ЈАВЕН ПОВИК ЗА СРЕДНОШКОЛЦИ ОД ОПШТИНА Битола

АПЛИЦИРАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ACCESS
ACCESS е повеќе од англиски јазик, тоа е искуство што отвора можности!

Сакаш да го усовршиш англискиот јазик, да стекнеш нови знаења и вештини, да запознаеш нови пријатели и да учествуваш во незаборавни образовни и забавни активности? **Аплицирај за двегодишната Програма за изучување англиски јазик АКСЕС 2026–2028**

Програмата е финансирана од **Стејт департментот на САД, преку Амбасадата на САД во Скопје**, а ја спроведува **МЦГО Скопје** во соработка со **Општина Битола** и **ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“, Битола**.

ШТО ЌЕ ДОБИЕШ СО УЧЕСТВОТО?

- Бесплатна интерактивна настава по англиски јазик.
- Дигитални вештини за вештачка интелигенција, сајбер-безбедност исл.
- Вештини за критичкото размислување, тимската работа, јавен говор и претприемаштво.
- Ќе се запознаеш со американската историја, култура, традиции, демократски вредности и волонтерство.
- Ќе има незаборавни искуства: летен камп, едукативни посети, кино-проекции, меѓуградски размени, спортски и тимски активности.
- Ќе запознаеш ученици од други градови и ќе работиш на заеднички проекти и иницијативи.

КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА?

- Сите ученици од прва, втора или трета година средно образование.
- Оние кои имаат силна мотивација и желба да учат англиски јазик, да се запознаат со американската култура и да учествуваат во образовни и волонтерски активности.
- Сите кои се подготвени активно да учествуваат во двегодишна програма.

Важно: Претходното ниво на познавање на англискиот јазик не е услов за аплицирање. Најважни се твојата мотивација, посветеност и желба за учење!

КАКО И КОГА ЌЕ СЕ ОДВИВА НАСТАВАТА?

- Број на учесници: 25 ученици
- Динамика: двапати неделно по 90 минути
- Локација: **ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“, Битола**

КАКО ДА АПЛИЦИРАШ?
Формуларот за пријавување можете да го симнете електронски од следниот линк:
https://docs.google.com/document/d/1Wctx1EcsJHMFe_PlBQHYwkYE_449wcc5/edit?usp=sharing&ouid=109924454764455901973&rtpof=true&sd=true

Потоа треба да го пополните и испратите на емаил адресата: drjkalauzibt@gmail.com
или пак да го доставите во печатена форма во канцеларијата на директорот Горан Талевски во **ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ од Битола** со порака „**ЗА АКСЕС ПРОЕКТОТ“**.

Рок за аплицирање: 23 ноември 2026 - понеделник